# Општина Кочани

*Ул. Раде Кратовче бр. 1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија*

*Тел. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542*

*www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk*


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
БР. 03-217/3
20.01 2022 ГОД.
КОЧАНИ

До
Агенција за млади и спорт
1000 Скопје

**ПРЕДМЕТ**: Годишен извештај за работата на Општина Кочани во делокругот на млади

Согласно член 23 став 1 од Закон за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/2020), Службеникот за млади на Општина Кочани го доставува следниот извештај за работата на Општина Кочани во делокругот на млади и спроведување на постапката за формирање на Локален младински совет.

## И З В Е Ш Т А Ј

**во врска со активностите за формирање на Локален младински совет согласно на Законот за младинско учество и младински политики**

**Согласно член 16, 17, 18 и член 26, став 6 од Законот за младинско учество и младински политики**, Општина Кочани пристапи кон формирање и ставање во функција на локалниот младински совет.

По насоките добиени од Агенцијата за млади и спорт општина Кочани ја води постапката чекор по чекор запазувајќи ги сите законски норми.

Градоначалникот на Општина Кочани, до Советот на Општина Кочани поднесе иницјатива за промена на Статутот. На ден 30.10.2020 година од страна на Советот на Општина Кочани, на седница на советот е донесена одлука за измена на статутот во согласност со Законот за младинско учество и младинска политика (бр.09-2313/1). Со тоа е направен првиот чекор од постапката за формирање на ЛМС.

На 20.11.2020 по барање на Агенција за млади и спорт за номинирање на лице задолжено за контакт и водење на постапката за формирање на ЛМС, донесено е Решение за определување на лице задолжено во врска со активностите за формирање на локален младински совет ( бр.03-2431/1), а согласно член 23 од Законот за младинско учество и младински политики е донесена и Одлука за одредување на лице – Службеник за млади (бр. 03-2431/4 од 20.11.2020 година).

Градоначалникот на Општина Кочани на 24.02.2021 година донесе одлука за отпочнување на постапката за формирање на локален младински совет на Општина Кочани (бр.03-572/1).

По направените статутарни промени, Општина Кочани согласно член 16 од Законот за младинско учество и младинска политика, распиша Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за формирање на ЛМС ( бр.03-572/2 од 24.02.2021 година).

Јавниот повик беше објавен на страната на Општина Кочани, а воедно соопштение за пријавување беше објавено и на социјалните мрежи.

# Општина Кочани

*Ул. Раде Кратовче бр. 1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија*

*Тел. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542*

*www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk*

---

По завршениот јавен повик за формирање на Иницијативен одбор, Комисијата формирана од градоначалникот ги разгледа пристигнаите пријави и направи записник за истите (бр.03-372/10 од 16.03.2021 година). Од записникот се констатираше дека на повикот се пријавиле 7 (седум) младински организации од Општина Кочани кои имаат предложено по еден член, односно една од организациите има предложено два челна, со тоа иницијативниот одбор за формирање на локален младински совет на Општина Кочани, вкупно брои 8 (осум) члена.

Врз основа на записникот од Комисијата, градоначалникот донесе Одлука за формирање на иницијативен одбор кој ќе учествува во процесот на конститутирање налокалното собрание на млади на Општина Кочани бр.03-572/11 од 16.03.2021 година.

По формирањето, членовите на иницијативниот одбор, од страна на службеникот за млади на Опптина Кочани, беа повикани на две средби на кои се разговараше за понатамошните активности во врска со формирањето на ЛМС.

По втората средба на ден 12.04.2021 година иницијативниот одбор во соработка со службеникот за млади на Општина Кочани го објави Јавниот повик за формирање на локлно собрание на млади (бр.03-572/14 од 13.04.2021 година), точно одредувајки ги условите и времетраењето на јавниот повик. Со тоа е завршен и третиот чекор кон формирањето на локален младински совет на Општина Кочани.

По завршувањето на јвниот повик за членови на локалното собрание за млади, во Општина Кочани се пристигнати 7 (седум) пријави, истите беа разгледани од страна на иницијативниот одбор, при што се изберени и членовите (делегат и заменик- делегат) на локалното собрание за млади, и се одржа првата конститутивна седница на која беа изберени две комисии и тоа- Комисија за верификација и Комисија за изработка на Деловник за работа на Собранието на млади на Општина Кочани (записник од Конститутивна седница на Локално собрание на млади бр.03-572/23 од 15.06.2021 година.

По одржаната конститутивна седница, Собранието на млади одржа уште неколку седници на кои беа донесени повеќе одлуки.

На првата одржана седница на Собранието беше донесена одлука за усвојување на Деловник за работа на Собранието на млади на Општина Кочани ( бр.03-572/24-1 од 29.06.2021 година) и Одлука за распишување на јавен повик за избор на членови на Локален младински совет (бр.03-572/24-2 од 29.06.2021 година).

По донесената одлука Локалното собрание на млади во соработка со Општина Кочани на ден 01.07.2021 година го распиша Јавниот повик за номинирање на членови на Локалниот младински совет на општина Кочани (бр.03-572/25 од 01.07.2021 година).

Огласот беше објавен на Веб странатa на Општина Кочани, на огласната табла на Општина Кочани, на социјалните мрежи, во локалните медиуми и на други јавни места со цел да се информираат поголем број на млади лица заинтересирани за да бидат членови на локалниот младински совет. Огласнот траеше 15 дена.

Општина Кочани

*Ул. Раде Кратовче бр. 1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија*

*Тел. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542*

*www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk*

---

По изминатиот рок за пријавување на лица за членови на Локалниот младински совет, Локалното собрание на млади на ден 10.08.2021 година ја одржа втората седница, на која собранието констатираше дека до истекувањето на рокот за пријавување на Јавниот повик за членови на Локалниот младински совет, до Општина Кочани се пристигнати 4 (четири) пријави.

Согласно Законот за младинско учество и младински политики член 16 став (4), ЛМС на Општина Кочани потребно е да брои најмалку пет члена. Па во согласност со ова констатирано е дека на Јавниот повик се немаат пријавено доволен број на номинирани лица за членови на ЛМС на Општина Кочани и поради тоа потребно е во наредниот период Јавниот повик повторно да биде распишан.

Поради тоа што следуваше изборен период, односно беа распишани Локални избори за Градоначалник и Совет на Општина Кочани, Собранието одлучи постапката за формирање на Локален Младински совет на Општина Кочани да продолжи по завршувањето на изборите (записник од втора седница бр. 03-572/33 од 10.08.2021 година).

По завршувањето на изборите на ден 26.11.2021 година од страна на градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов беше донесена одлука за продолжување на постапката за формирање на Локален младински совет и повторно распишување на Јавниот повик. А воено беше одржана и третата седница на Собранието на млади ( записник бр. 03-572/35 од 26.11.2021 година), на која исто така беше донесена Одлука за повторно распишување на Јавниот повик за избор на членови на локлниот младински совет ( Одлука бр.03-572/36 од 26.11.2021 година).

Јавниот повик беше повторно распишан на 30.11.2021 година (бр.03-572/37), беше објавен на на Веб страната на Општина Кочани, на огласната табла на Општина Кочани, на социјалните мрежи, во локалните медиуми и на други јавни места, и траеше 15 дена.

По изминатиот рок, до Општина Кочани имаше поднесено 11 (единаесет) пријави за номинирање на членови на Локалниот младински совет кои на ден 27.12.2021 година беа разгледани од страна на верификационата комисија на локалното собрание на млади (записник од состанок на верификационата комисија на локалното собрание на млади бр.03-572/45 од 27.12.2021 година).

Откако беа разгледани сите пријави комисијата констатираше дека истите се прифаќаат и од пријавените 11 (единаесет) лица, делегатите на Собранието на млади на наредната седница ќе треба да изберат 5 челна на Локалниот младински совет на Општина Кочани.

Седницата за избор на членови на локалниот мчладински совет се одржа на ден 18.01.2021 година во просториите на Мултикулирниот Центар на општина Кочани и согласно Законот за младинско учество и младински политики по пат на непосредни избори со тајно гласање, беа избрани членовите на Локалниот младински совет.

Како избрани членови на Локалниот младински совет на Општина Кочани со најголем број добиени гласови од страна на присутните делегати на Локалното Собрание за млади се:

Општина Кочани

*Ул. Раде Кратовче бр. 1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија*

*Тел. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542*

*www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk*

1. **Иле Матеничарски** номиниран член на Локален младински совет од Црвен Крст на РСМ – Општинска организација Кочани (клуб на млади при ОО ЦК-Кочани)
2. **Јани Михајлов** номиниран член на Локален младински совет од Унија на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ ОК Кочани- Политички подмладок
3. **Тина Соколовска** номиниран член на Локален младински совет од Здружение „Еднакви за сите" - Кочани
4. **Иван Јанев** номиниран член на Локален младински совет од ЛК СДММ Кочани – Политички подмладок
5. **Јаким Јакимов** номиниран член на Локален младински совет од боречки клуб „Спартак" - Кочани

По спроведеното гласање, Собранието на млади донесе одлука за избор на членови и истата ќе биде предложена на Советот на Општина Кочани.

Општина Кочани, согласно Законот за младинско учество и младински политики, верификацијата на избраните членови ќе ја изврши на следната Седницата на Советот која ќе биде закажана и ќе се одржи на крајот од месец јануари, и по верификувањето на членовите ќе се одржи и првата седница на Локалното Собрание на млади на Општина Кочани на кои ќе се изберат претседател и заменик-претседател и ќе биде донесен Деловник за работа на Локалниот Младиснки совет на Општина Кочани.

Освен формирањето на Локалниот младински совет, Општина Кочани работи и на исполнување на законската обврска да биде отворена и Канцеларијата за млади, која што претставува примарна точка за пристап на младите кон самата општина, каде што младите непречено ќе имаат можност за одржување на средби и кординација со Советот. А воедно за краток период се планира и покренување на постапката за отварање на Младински центар во Општина Кочани.

Со почит.

Службеник за млади на Општина Кочани
Славица Давиткова

Секретар на Општина Кочни
Дејан Рашков

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА КОЧАНИ *

Бр.03-217/3
20.01.2022 година
Кочани